

„Најголем уништувач на мирот денес е крикот на невиното, нероденo дете. Кога една мајка може во своето крило да го убие сопственото дете, што ни преостанува - да се убиваме меѓусебно.

За мене, нациите кои го легализираа абортусот, се најсиромашни земји. Тие се плашат од малите, се плашат од неродените.“

Мајка Тереза

Може ли жена да го заборави своето доенче, да не му се смилува на чедото на својата утроба? Па кога некоја и би заборавила, Јас нема да те заборавам тебе.

Исаија 49:15

**Центар за советување и помош на жени**
**“Лидија – Срце што Чука”**


Ванчо Прќе 62/5
Штип

070 231 787
070 231 797
S.O.S. 070 231 807
032 606 797

lidijastip@gmail.com
www.lidija.com.mk
www.facebook.com/LidijaSrceStoCuka


# Биди Глас За Живот



Отварај ја својата уста за немиот и за правото на сите несреќници што пропаѓаат.

Пословици 31:8

***Твоите очи го видоа мојот зародишок, веќе сè беше запишано во Твојата книга; деновите ми беа одредени, уште додека не беше ниеден.***

***Псалм 139:16***

Бог е создателот, авторот и Оној кој дава живот. Секое човечко создание , внатре во себе го носи допирот на живиот Бог. Оваа привилегија им е дадена само на луѓето. Не е ни чудо што сотоната, Божјиот непријател, го мрази животот.

*Тој е крадец кој дојде само да украде, убие, уништи* (Јован 10:10). Како уништувач на животот тој сигурно не ја охрабрува бременоста.

Абортусот е пример за едно практично уништување на животот. Утробата на мајката стана најнесигурно место за животот, токму таму каде животот на човекот треба да биде негуван и заштитен.

Абортусот има свои жртви и последици.

Детето кое никогаш не ја здогледува светлината на денот и жената која ги сноси физичките, психичките и духовните последици, а многу често и самиот брак ја плаќа својата цена.

Христијаните можат и треба да влијаат на овој свет така што ќе го подигнат својот глас во молитва пред Бога и ќе се застапуваат за нероденте и за оние кои неможат да зборуваат за себе.

Токму со ваква цел во Македонија е регистриран првиот Центар за советување и помош на жени кои се соочуваат со непланирана и несакана бременост **“Лидија—Срце што чука“**

Во рамките на Центарот **“Лидија“** постои советувалиште и отворен телефон каде може да се побара помош и советување.

- **“Лидија„** се заложува за подигање на свеста кај луѓето за вредноста на животот и правото на бебето да биде родено.

- Во својата програма, Центарот има предвидено едукативни предавања за тинејџери и млади луѓе во областа на превенција од непланирана бременост и сексуално преносливи инфекции, промовирајки воздржување од сексуални односи пред брак.

- За жените кои поминуваат низ болно постабортивно искуство, предвидени се поединечни советувања и советувања во групи во кои со заеднички сили и со Божјата милост ќе се изоди патот на исцелението и ослободување од ова болно искуство.

- **“Лидија“** се застапува за животот на нероденте, но и овозможува практична помош во храна, облека, памперси и друга помош на семејствата кои се одлучуваат да го задржат своето дете, но и на сиромашни семејства со повеќе деца.

## ***Придружи се!***

И ти можеш да бидеш вклучен во оваа духовна борба, но и благородна мисија.

Како?

Застапувај се во молитва за нероденте и моли се за работата на **“Лидија“**

Можеш да донираш бебешка облека, храна, памперси и други бебешки материјали (козметика, креветче, количка и др.)

Бидејки **“Лидија“** е непрофитабилна организација, ние се финансираме преку доброволни прилози - донирај!

Доколку знаеш за жена која минува низ искуство на непланирана бременост или постабортивно искуство - контактирај не!

Пријави се како волонтер.

Користи ја секоја прилика да зборуваш со луѓето за негативните последици од абортусот.

Не може да се биде пасивен.

Молчењето во овој случај е одобрување.

Ова е обврска на секој христијанин.